**З А П И С Н И К**

Од 4 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 26.12.2025 година (петок) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски.

Од 15 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 15 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. МИЛЕ ТРАЈКОВСКИ,

**СОВЕТНИЦИ**

2.ТАЊА ДЕЈАНОВСКА-МИТРОВСКА
3.НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
4.АНГЕЛА ПЕШОВСКА
5.ДЕЈАН МИЛЕНКОВСКИ
6.ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
7.АЛЕКСЕЈ НИКОЛОВСКИ
8.БОБИ ДИМИТРОВСКИ
9.ВЛАТКО РИСТОВСКИ
10.СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА-ПЕТКОВСКА
11.АЛЕКСАНДАР РАНГЕЛОВ
12.ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА-СТАНОЈКОВСКА
13.АЛЕКСАНДАР ДАВИДОВСКИ
14. ТАЊА СТАНКОВСКА
15.ДОБРИ ЈОВЕВСКИ

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на Општина Крива Паланка Сашко Митовски

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот
Даниела Велковска

Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Мартин Николовски

Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски

Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски

Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај
Никола Граматиков

Раководител на одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија Сања Цветковска
Раководител на одделение за јавни дејности Даниела Милошевска
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграци Антонио Давитковски
Раководител на Одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци Емил Денчевски
Советник-овластен сметководител Димитар Петровски
Директор на ООУ Јоаким Крчовски
Директор на СОУ Ѓорче Петров
Директор на ЛУ Градски Музеј
Директор на ОУД Боро Менков

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 2-та седница на Советот и истиот е усвоен со 15 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 3-та седница на Советот и истиот е усвоен со 15 гласа ЗА.

Советникот Александар Рангелов побара точка 1 и точка 2 каде се усвојуваат програми за работа според советникот советот нема право да усвојува програма која веќе била усвоена на управен одбор не е законски.Советот според советикот Рангелов треба да даде согласност каде и во членот 2 е наведено во самата одлукатоа и беше цитирано од страна на советникот.Советникот даде предлог точките да бидат повлечени од дневен ред и подготвени за наредна седница на Советот.Исто така советникот побара од правните службите на општината да дадат објаснување.

Жаклина Цветковска даде објаснување за дадените забелешки од страна на советникот Рангелов.

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска даде објаснување дека во одлуките кои се ставени како точки на дневен ред и тоа:

1.Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2026 година;
2.Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година треба да стои согласност а не усвојување на истите.

Предлогот на советникот Рангелов не беше усвоен со 7 гласа ЗА и 8 против.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 4-та седница на Советот и истиот е усвоен со 8 гласа ЗА и 7 воздржани.

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог-Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2026 година;
2. Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година
3. Предлог-Програма за работа за 2026 година на локалниот младински совет на Општина Крива Паланка **;**

4. Предлог-Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за III–от квартал за периодот од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година ;
5. Предлог – Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;
6. Предлог – Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;
7. Предлог – Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2026 година;
8. Предлог – Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година;
9. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“;
10. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување“;
11. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)“;
12. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката”;
13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„ Обезбедување можност за извршување на јавни работи од страна на корисниците кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица“;
14. Предлог- Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка;
15. Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2026 година.

Расправа по точки од дневен ред

1. Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката со измената. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Програма за работа на ЛУ „Градски музеј „ Крива Паланка за 2026 година**

2. Одлука за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Жаклина Цветковска даде објаснување по однос на оваа точка.

   Советникот Александар Рангелов побара објаснување по однос на оваа точка и доставените материјали.Советникот во неговата дискусија имаше објаснување дека фондацијата била формирана 2006 година со цел да помогне на општината да конкурира во погранични проекти,конкурси објавени од амбасади и други јавни повици.Кога фондацијата треба да даде сопствени средства како кофинансирање тогаш советот донесува одлука во општината да влезат тие средства и да донира дела од тие средства проектот да се реализира.Фондацијата била формирана да се донесат повеќе средства и проекти да се помогне на градот.Сега општината има нов концепт трошење на јавни пари како да се приватни при што на конкурс се доделуваат 5 мил.денари кои фондацијата си ги троши како по однос на закон за фондација без јавни набавки итн.Исто така според советникот настаните кои ќе ги организира фондацијата во претходниот период општината сама си ги организираше истите и се преземени од страна на општината.Прашање од страна на советникот дали фондацијата е организатор на Новогодишниот базар.

   Жаклина Цветковска даде објаснување дека општината делегира кој да ги спроведува активностите и кога.

   Според градоначалникот на општината не е во ред да се критикува организација која што е во функција на културата на градот за што сме претпознатливи во државата за која се добива пофалби од секаде како и од Министертсвото за култура.

   Според советникот Никола Јакимовски нормално е целите на фондацијата да се зголемат и променат нема тука ништо скандалозно.Фондацијата спроведува активности на општината кои биле вметнати во програмите а се ветени на граѓаните.Прашање до директорката која сума на средства недостигаат за да се

обезбеди клавирот и би требало и советниците да донираат за да се исполни таа идеја.
Според советничката Тања Д.Митровска се разгледува предлог-програмата за работа на фондацијата каде детално се опишани сите активности и цели на истата и треба да биде поздравена една ваква структура која би била од корист на нашето општество со нови проекти за да се развива квалитетот на работа нашата општина.
Советничката побара изменување како техничка грешка во делот за финансии каде се однесува за надоместоци за надворешни услуги во приходниот дел да стојат не вака наведени средства како што се тука таксативно туку да стои само средства од буџетот на општина Крива Паланка додека расходниот дел е во ред.

Според советничката Виолета С.Станојковска не треба да сфати директорката дека поради дискусијата имаат нешто лично против неа бидејќи сте професионалец во работата и ценета како личност новинар.Проблемот е во согледувањата за фондацијата која е преригистрирана во 2024 година а сеуште не се знае што се треба се направи како што имаше кажано и самата директорка се створа сомнеш за чесноста на намерите и логистиката да се справите со сето тоа.Во 2025 година имаат добиено 4 850 000 денари од општина Крива Паланкаа а сега во програмата која треба да се гласа сума од 9 мил. денари.Прашање поставено од советничката дали има логистика да се справи со сите настани и концерти и со колкаво членство располага фондацијата на кој начин ќе биде организирано со заобиколување на јавни набавки.

Предлогот на советничката Тања Д.Митровска беше усвоен со 15 гласа ЗА
Предлогот на насловот на одлуката каде се сменува усвојување со давање согласност беше усвоен со 15 гласа ЗА

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката со измената Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „ Со срце за Крива Паланка „ за 2026 година**

3. Програма за работа за 2026 година на локалниот младински совет на Општина Крива Паланка **;**

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Програма за работа за 2026 година на локалниот младински совет на Општина Крива Паланка**

4. Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за III–от квартал за периодот од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива**

**Паланка за III–от квартал за периодот од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година ;**

5. Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;**

6. Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година;**

7. Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2026 година;
   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2026 година**;

8. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година**

9. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“;

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА  ,Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисниици на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош“;**

10. Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена  и економска состојба заради лекување“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена  и економска состојба заради лекување“;**

11. Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА  ,Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)“;**

12. Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката”;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Предлогот од комисијата беше едногласно усвоен со 15 гласа ЗА

Откако никој  не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА  ,Советот донесе- **Одлука за**

**одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката”**

13. Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„ Обезбедување можност за извршување на јавни работи од страна на корисниците кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица“;

    Претседателот со Советот отвори расправа по точката

    Предлогот од комисијата беше едногласно усвоен со 15 гласа ЗА

    Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност„ Обезбедување можност за извршување на јавни работи од страна на корисниците кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица“;**

14. Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка;

    Претседателот со Советот отвори расправа по точката

    Предлогот на комисјата што треба да се смени во одлуката беше едногласно усвоен со 15 гласа ЗА

    Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка**

15. Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2026 година.
    Претседателот со Советот отвори расправа по точката

    Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2026 година.**

Записничар
Клара Стевановска

Претседател на Совет
Миле Трајковски